# ЕТНОЛОГИЯ НА ОБЩУВАНЕТО



ROD

ГОДИШНИК

на АСОЦИАЦИЯ „ОНГЪЛ“, том 12, год. VIII, 2013

# ЕТНОЛОГИЯ НА ОБЩУВАНЕТО

ROD

София, 2013

**Годишникът се издава**
**с подкрепата на Община Самоков**

**РЕДАКЦИОННА КОЛЕГИЯ**

**I ПКС д-р Росен Росенов Малчев**
**доц. д-р Константин Звездомиров Рангочев**
**доц. д-р Николай Иванов Ненов**
**доц. д-р Маргарет Драганова Димитрова**
**докт. Андрей Стефанов Бобев**

**ЕТНОЛОГИЯ НА ОБЩУВАНЕТО**

Първо издание

© Асоциация за антропология, етнология и
фолклористика „Онгъл“, 2013
ел. поща: ongal1991@abv.bg
www.ongal.net

© Импресарско-издателска къща „Род“, 2013
ел. поща: rod_sofia@yahoo.com

Формат 16/60/84
Тираж 300
Печатница *Тип-топ прес*

**ISSN 1311-493X**

ANNUAL

of 'ONGAL' ASSOCIATION, Vol. 12, Year VIII, 2013

# ETHNOLOGY OF COMMUNICATION

ROD

Sofia, 2013

The Annual is published
with the support of Samokov municipality

EDITORIAL BOARD

1st class teacher Rossen Rossenov Malchev, Ph.D.
Assoc. prof. Konstantin Zvezdomirov Rangochev, Ph.D.
Assoc. prof. Nikolay Ivanov Nenov, Ph.D.
Assoc. prof. Margaret Draganova Dimitrova, Ph.D.
Andrey Stefanov Bobev, Ph.D. cand.

ETHNOLOGY OF COMMUNICATION

First edition

© 'Ongal' Association of Anthropology, Ethnology and
Folklore Studies, 2013
e-mail: ongal1991@abv.bg
www.ongal.net

© 'Rod' Impressario & Publishing House, 2013
e-mail: rod_sofia@yahoo.com

ISSN 1311-493X

## СЪДЪРЖАНИЕ

**Пети Цар-Шишманови дни в Самоков – 2011 г.** ........................ 9

### ИСТОРИЯ

**Михаил Христов, Росен Р. Малчев, Константин Рангочев –** Римският път при родопското село Югово ........................ 11

**Спас Спасов –** Славянското заселване между Истър и Хемус до създаването на Първото българско царство ........................ 23

**Веселка Тончева –** *„Муж ми е на гурбет...“* За гурбетите и печалбарството на гораните в Косово и Албания ........................ 31

**Искрен Великов –** ТКЗС „Девети септември“ – с. Белцов: диалог между държава и собственици (1950–1958) ........................ 47

### ЕТНОС

**Григор Б. Григоров –** Мистификация и етноутвърждаваща идея в първата гагаузка история ........................ 64

**Александр А. Новик –** Самосознание и традиционная культура славян-мусульман в Албании: сохранение идентичности (Материалы экспедиций 2008–2010 гг.) ........................ 76

**Таня Матанова –** Форми на общуване в две етнични младежки организации в България ........................ 90

### РЕЛИГИЯ

**Ольга О. Смолина –** Православная концепция имени и ее отражение в монастырской культуре ........................ 108

**Аделина Ангушева-Тиханова, Маргарет Димитрова –** Самоков и борбата на Църквата срещу баенето и гадаенето ........................ 120

**Вихра Баева –** Руската църква в София и нейните посетители ........................ 135

**Елисавета Стойчева –** Преп. Паисий Хилендарски в популярното съзнание ........................ 148

### КОМУНИКАЦИЯ

**Екатерина Тодорова –** Поклонът като семиотично невербално поведение в „Житието на Теодосий Печорски“ ........................ 158

**Мария Димитрова –** Аспекти на общуването между живи и мъртви в българската култура ........................ 167

**Силвия Веселинова** – Общуване с починалия
(По материали от Врачанско) ........................................................ 178
**Денис С. Ермолин** – Культура захоронений
славян-мусульман села Требишт (Голоборда, Албания) .............. 188
**Теодора Колева** – Баячките от село Белцов ................................ 194
**Димитър Добревски** – Материалната среда и дизайнът
като форма на общуване ..................................................................... 203
**Ангелина Илиева** – Форумната драматургия: динамика
между прякото и опосредстваното общуване ................................. 211

## ВИЗУАЛНА АНТРОПОЛОГИЯ

**Николай Ненов** – Пощенските картички
от стария Свищов – знаците на модерността
и градските митове ............................................................................... 220
**Милена Кьосева** – Образът на Кюстендилския край ................. 230

## АРХЕОЛОГИЯ

**Бони Петрунова** – Нови археологически данни
за предградието на крепостта Калиакра ......................................... 241
**Михаил Христов** – Наблюдения върху укрепяването
на обекта „Цари Мали град" в м. „Св. Спас"
при с. Белчин, Самоковско, в контекста
на късноантичната полиоркетика ..................................................... 250
**Трајче Нацев** – Античката патна комуникација
во Брегалничкиот басен ...................................................................... 263
**Звонимир Николовски** – Прилог кон доцноантичките
утврдувања во Североисточна Македонија .................................... 273

## КЛИМАТОЛОГИЯ

**Владимир Власков** – История на климата
през последните 10 000 г. (Холоцен) ................................................ 296

## ГОСТ-АВТОР

**Армен Петросян** – Болгарская считалка в Армении .............. 311

**Илюстрации** ........................................................................................ 329

## TABLE OF CONTENTS

**The Fifth Tsar-Shishman Days in Samokov – 2011** ........................ 10

### HISTORY

**Mihail Hristov, Rossen R. Malchev, Konstantin Rangochev** –
The Roman road near by the village of Yugovo ................................. 11
**Spas Spasov** – The Slavic settlement between Istros
and Haemus until the formation of the first Bulgarian kingdom .......... 23
**Veselka Toncheva** – About the "gurbet" and "pechalbarstvo"
(labour mobility) of the *gorani* people
from Kosovo and Albania ................................................................. 31
**Iskren Velikov** – The "Deveti septemvri" labor cooperative
farm in the village of Beltsov: a dialogue between
state and landowners (1950–1958) ...................................................... 47

### ETHNOS

**Grigor B. Grigorov** – Mystification and ethno confirming
idea in the first Gagaouz history ........................................................ 64
**Alexander A. Novik** – Ethnic affiliation and traditional
culture of Muslim Slavs in Albania: preserving
of identity (Fieldwork in 2008–2010) ................................................. 76
**Tanya Matanova** – Communication among the members
of two ethnic youth organizations in Bulgaria .................................... 90

### RELIGION

**Olga O. Smolina** – The orthodox concept of the name
and its reflection in the monastic culture ........................................... 108
**Adelina Angusheva-Tihanov, Margaret Dimitrova** –
The town of Samokov and the battle of the church against
magic and divinations in the late eighteenth
and early nineteenth centuries ........................................................... 120
**Vihra Baeva** – The Russian church in Sofia and its visitors ............ 135
**Elisaveta Stoycheva** – St Paisius of Hilandar
in popular knowledge ......................................................................... 148

### COMMUNICATION

**Ekaterina Todorova** – Bowing as a semiotic nonverbal gesture
in "Life of the venerable Theodosius of the Kiev caves" .................... 158

**Maria Dimitrova** – Aspects of communication between the living and the dead ........ 167
**Silviya Veselinova** – Communication with dead people (Materials from Vratsa region) ........ 178
**Denis S. Ermolin** – Cemeteries and burial places of Muslim Slavs in the village of Trebisht (Golloborda region, Albania) ........ 188
**Teodora Koleva** – The sorceresses from the village Beltsov ........ 194
**Dimitar Dobrevski** – Physical environment and design as a form of communication ........ 203
**Angelina Ilieva** – The net dramaturgy: dynamics between direct and mediated communication ........ 211

## VISUAL ANTHROPOLOGY

**Nikolay Nenov** – The postcards of the old Svishtov – the signs of modernity and the urban myths ........ 220
**Milena Kyoseva** – Image of Kyustedil region ........ 230

## ARCHAEOLOGY

**Boni Petrunova** – New archaeological data about the suburb of Kaliakra fortress ........ 241
**Michail Hristov** – Some observations on the defense system of the fortified place named 'Tzari mali grad', in St Spas place, Belchin village (Samokov district), in the context of late antique military theory ........ 250
**Trajche Nacev** – The ancient road communication in Bregalnica valley ........ 263
**Zvonimir Nikolovski** – Contribution to the late antique fortifications in northeastern Macedonia ........ 273

## CLIMATOLOGY

**Vladimir Vlaskov** – History of the climate in the last 10 000 years (Holocene) ........ 296

## GUEST AUTHOR

**Armen Petrosyan** – Bulgarian counting-out rhyme in Armenia ........ 311

**Illustrations** ........ 329

Доц. д-р Трајче Нацев

Филолошки Факултет

Универзитет Гоце Делчев Штип

## АНТИЧКАТА ПАТНА КОМУНИКАЦИЈА ВО БРЕГАЛНИЧКИОТ БАСЕН

Брегалничкиот басен го зафаќа североисточниот дел на Република Македонија, во кој регион се сместени шест општини Берово, Пехчево, Делчево, Каменица, Кочани, Виница, Штип и Свети Николе, кој денес се поврзани со регионален пат.

Од праисторијата па се до крајот на доцната антика, голема улога во развојот на регионот, градовите, населбите и селата, покрај геоморфолошките карактеристики, има и патната комуникација не само меѓу градовите од територијата на Брегалничкиот Басен, туку и патиштата, со кој оваа територија, била поврзувана со Повардариeто, Пелагонија, Тракија и Дарданија.

Од неолитот па се до крајот на доцната антика, се користат истите патишта, дел од нив, иако како колски патишта,  се користат и денес, за поврзување одредени села и градови.

### Патната мрежа со Повардариeто

Меѓу најстарите патишта, со кој Брегалничкиот Басен, бил поврзан со Повардариeто е лакавичкиот пат кој се движел по левиот брег на  река Лакавица (карта 1). Овој пат започнува од устието на река Лакавица во река Брегалница кај село Софилари и се движи, кон селата Драгоево и Селце. Помеѓу двете села при копање на канал за наводнување биле откриени неколку неолитски камени секири и фрагментирана неолитска керамика.[1] Потоа патот продолжува кон Пухче и Лесковица од каде потекнува теракота со претстава на глава на свиња и неколку камени секири.[2] Од Лесковица продолжува кон територијата на Конче, од каде преку превојот Рич, продолжува кон Струмица а од тука преку преслапот кај селото Костурино се спушта кон долината на Вардар.

Лакавичкиот пат бил користен и во раната антика(карта 2), при походот на  Ситалк, во 429 г.пред н.е. кон Македонија кога  придружуван од Аминта, пристигнал до пеонскиот град Добер (Струмица), од каде влегол  во Долна Македонија. Истиот пат најверојатно продолжил да функционира и во римско време (регестрирани се пред се могили: Тумба село Селце; Суво Грло, Гроб од римско време село Лесковица,Полумница село Горна Враштица, Манастир село Габревци, населбите Гајнов Дол и Костадинци село Конче. Посебно внимание на овој пат заслужуваат могилите(Гајнов Дол,

[1] Неолитските секири (од кој имав прилика да видам две) биле земени од локалното население кое учествувало во копањето на каналот).

[2] Гарашанин М., Санев В., Симоска Д., Китаноски Б., Каталог, 47-к.е.117 сл.117.

Денкини Чуки и други) кои се неми сведоци за постоењето на живот во римскиот период во општина Конче.

Во доцноантичкиот период (карта 3), лакавичкиот пат продолжил да се користи а како неми сведоци за тоа се големиот број на населби и утврдувања откриени во долината на река Лакавица (Поле село Софилари; Градиште и Ташли Трла село Драгоево; Јарма и Тумба село Селце; Бавчи, Градиште,Кала и Рамниште село Пухче, Градиште село Пиперово, Грамаѓе и Лубница село Лубница, Лаката село Конче), во останатите делови од територијата на Струмица на овој дел е вршена археолошка проспекција.

На истиот лакавички пат постои уште една пократка делница но мнугу потешка во однос на првата. Стигнувајки до селото Конче патот продолжува кон највисокиот врв на Конечка планина Пожар (населба од античко време),од каде продолжува кон Студенец (познат кај мештаните како Анот), потоа Старо Село и стигнува до селото Градец. Од ова станица патот јужно продолжува до Удово а северно кон Демир Капија, и во двата правци излегува на Вардарскиот пат.

Лакавичкиот пат со изградбата на дијаголниот пат Хераклеја - Пауталија ке биде пат од понизок ранг кој го поврзувал долно Повардарие и Струмичко со овој дел на Македонија.

**Патна мрежа со Пелагонија и Тракија**

***Дијагоналниот пат Хераклеја - Пауталија***

Еден од најфреквентните антички патишта со кој Брегалничкиот Басен бил поврзуван со Пелагонија, Повардарието и со Тракија е Дијаголниот пат Хераклеја -Пауталија (карта 4).

Премостувајќи ја реката Вардар кон Астибо постојат два правци:[3]

1. Преку Мушанци - Енешево, заобиколувајќи го Кур тепе кон исток или
2. Преку Мушанци - Џидимирци - Хаџи Сејдели, понатаму преку контрола од кастелот Хисар, Хаџи -Хамзали, преку Драгоево се спуштал се до устието на река Лакавица во Брегалница во непосредна близина на село Софилари каде се спојувал со Лакавичкиот пат. На оваа локација сигурно постоел мост кој ја премостувал река Брегалница, а потоа доаѓа раскрсница која Дијагоналниот пат го дели кон обласа на Штип и обласа на Свети Николе од каде и од двете области продолжува кон Пауталија (Ќустендил) односно Сердика (Софија).

*Софилари-Астибо-Пауталија*

[3] Лилчиќ В.,1994, 114.

За овој патен правец постојат неколку размислувања: Виктор Лилчиќ дава две варијанти[4] а Иван Микулчиќ, Звонко Белдедовски и Марјан Јованов една варијанта.

Спрема Виктор Лилчиќ:

1. Патот оддел по десниот брег на река Брегалница минувајки го Астибо кај денешен Штип, продолжувал под Лозенското Градиште, до граничниот кастрон Кале кај село Крупиште. Од тука продолжувал преку Кулата (Македонска Каменица) до пред Делчево каде преку планинискиот превој Црн Камен, меѓу јужниот дел на планината Влатина и северниот венец на планината Осогово се спуштал кон вливот на Струма, пристигал до Пауталија (Ќустендил). Оваа патна линија е покуса во однос на бројкта од 80 милји на ТР.

2. Првиот дел од трасата водел по истата линија до Кале село Крупиште. Од оваа патна станица патот водел кон север кон Злетовска Река, потоа Стрмошка, на превојот кон опидумот Градиште- Црн Врв село Секулица, од каде продолжува кон Кратовска Река , контролиран од кастелот на Здравчи Камен село Шлегово доаѓал до Крива Река.

Иван Микулчиќ[5] и Белдедовски Звонко [6] даваат свое размислување за постењето на патниот правец од Астибо - Кале село Крупиште - Црна Скала во атарот на Делчево- Пауталија (Ќустендил), но и двајцата, далеку се од реалниот патен правец.

Виктор Лилчиќ и Марјан Јованов, во однос на претходните размислувања сметам дека се најблиску до решавањето на проблемот на патниот правец Астибо-Виничко Кале-Пауталија. Јованов дава свое образложение за првата варијанта на Виктор Лилчиќ, за кој е на мислење дека треба да се направат извесни поместувања, односно градовите Астибо и Транупара треба да ги заменат своите места во однос на предложената нова карта на ТР од страна на Милер.

Врз основа на досегашните научни презентации за овој патен правец сметам дека сите досегашни размислувања се блиску до решавањето на овој проблем со патниот правец преку Виничко Кале. Исто така сметам дека градовите Астибо и Транупара не треба да ги заменат своите места на предложената нова карта на ТР од страна на Милер, односно остатоците од градот Астибо треба да се тражат под средновековниот хоризонт на Исарот и во маалото Стар Конак во Штип. Во прилог на ова констатација е и откриениот рудник за злато во центарот на градот Штип[7], и добиените резултатите

[4] Лилчиќ В.,1994, 114

[5] Микулчиќ И., 1999,230

[6] Белдедовски З., 1996, 9-23

[7] Рудникот е откриен во 1989-90 година, при градежни работи за новата зграда Кубус. При посетата на ова локација заедно со колегата Звонко Белдедовски, констатиравме рударска галерија која излегувала во коритото на река Отиња, најверојатно

од последните археолошки истражувања (2007-2011 година) изведени на археолошкиот локалитет Исар.

Врз основа на поновите археолошки истражувања (2001-2009 година) и археолошката проспекција изведена во Пијанец и на територијата на Виница, Кочани и Штип (2008-2009 година), давам свој прилог во решавањето на патниот правец Стоби - Пауталија.

Преминувајќи ја реката Вардар кај Мушанци, патот продолжувал кај Џидимирци, Хаџи Сејдели[8] и преку кастелот Хисар, Хаџи -Хамзали доаѓа во атарот на Драгоево од каде пак продолжува кон устието на Лакавица во Брегалница. Кај доцноантичката крајпатна стража Поле, ја премостову река Лакавица и доаѓа до раскрсница од каде патот води кон Астибо и кон Свети Николе. Ова е единственото место каде патот може да ја помине малата река Лакавица а да не ја помине Брегалница. Патот кон Астибо поминува во непосредна близина на доцноантичката населба Плуждино[9] и поминувајки покрај некрополата Марков Камен од класичниот период доаѓа до пред портите на Астибо.

***Астибо - Баргала 13 км.***

Од Астибо кон Баргала, патот водел по јужниот раб на долината на реката Брегалница. Излегувајки од Астибо, поминувал покрај мало утврдување од римско време[10] кај Чуј Петел, потоа излегува кај Благово (каде се лоцирани железнодопските локалитети Балабаница и Орлови Чуки) и мала населба од Римско време.[11] Понатаму пред село Радање меѓу 8 и 9 км поминува покрај доцноантичко утврдување[12] ,потоа продолжува кон Баргала, каде на самиот излез од селото Радање на растоајание од 500 до 800 м. поминува покрај доцноантичко утврдување[13] , и продолжува кон Баргала. Патот поминува преку преслапот кај месноста Голем Крст и се спушта кон градот Баргала притоа поминувајќи покрај една доцноантичка кула.[14]

***Баргала - Моробиздон 19 км***

---

каде било испирањето на златото. Целата должина на јамата не бевме во можност да ја констатираме бидејки истата од градежните работи беше срушена. Должината која можевме да ја констатираме изнесуваше некаде околу 70 м.

[8] Во 1995 година извршен е увид на оваа територија, при што на две локации се констатирани остатоци од објект и фрагментирана керамика која хронолошки припаѓа на доцноантичкиот период.

[9] При последното рекогносцирање на овој локалитет откриена е фрагментирана садова керамика кој припаѓа на доцноантичкото време.

[10] Информацијата е добиена од фотографот Кире Спасов.

[11] При увид во 1997 год. е констатирана римска населба.

[12] Информацијата е добиена од археологот Мите Штерјов.

[13] Алексова Б., 1989, 34

[14] Кулата е откриена при нелагално копање.

Од Баргала продолжува на север, и се спушта кон Црвулево каде поминува покрај доцноантичките локалитети Батулица,[15] Говедарски Пат[16] и Кула.[17] Продолжува кон Аргулица каде поминувал на 300 - 500 м. источно од селото, во непосредна близина на доцноантичките локалитети Селски Гробишта[18] и Тупан Куле.[19] Од Аргулица кон Бурилчево поминува покрај доцноантичките локалитети: Грамади,[20] Манастир,[21] Манастир[22] и Нова Чешма,[23] продолжувајки кон Кучичино каде во непосредна близина на самиот пат се регистрирани два доцноантички локалитети: Градиште[24] и Пресечник.[25] Од Кучичино патот продолжува кон Теранци, минувајки покрај доцноантичката населба Градиште[26], потоа оди кон Видовиште, претходно поминувајќи покрај доцноантичките утврдувања Трнавица[27] и Гарагаска[28] и пристига до Моробиздон,[29] каде се регистрирани повеке мали населби од доцноантичкиот период.

***<u>Моробиздон - Виница ( Армонија / Календидин ) 9 км.</u>***

[15] Санев В.-Белдедовски З., 1996, 443;.

[16] Белдедовски З., 1996, 443.

[17] Санев В.-Белдедовски З., 1996, 443.

[18] Санев В., 1996, 428; Алексова Б. 1989, 34.

[19] Санев В., 1996, 428; Гарашанин М. и Д., 1959, 73.

[20] Керамидчиев А., 1996, 173; Санев В., 1961, 73.

[21] Керамидчиев А., 1996, 173.

[22] Санев В., 1996, 173; Санев В., 1961, 73.

[23] Санев В., 1996, 173; Ибид, 74.

[24] Керамидчиев А., 1996, 176; Ибид, 74.

[25] Керамидчиев А., 1996, 176; Керамидчиев А., 1964, 85.

[26] Керамидчиев А., 1996, 182.

[27] Ибид., 1996, 174.

[28]Ибид., 1996 173.

[29] Трајковски К., 1996, 176-178

Од Моробиздон продолжувал кон Зрновци, а потоа кон село Лешки, поминувајки претходно покрај доцноантичките населби Горномалски рид[30] и Патилово.[31] Од село Лешки продолжува кон Виничко Кале поминувајќи покрај две населби од римско време.[32]

Кај Виница патот се дели кон Пауталија (Ќустендил) и кон Партикопол (Берово).

***<u>Виница - Ќустендил (Пауталија)</u>***

Понатаму патот продолжува по левиот брег на Брегалница, напуштајки ја во најпроблематичниот дел во тешко проодната клисура, поминувајки покрај неколку доцноантички населби (Крсто и Селиште) кај селото Бигла и доаѓа до познатиот мост кај мештаните во Пијанец познат под името Строшен Мост кој ја премостува река Брегалница и доаѓа до познатото Очипалско градиште Пресечен Камен. Потоа продолжува кон Киселица од каде оди кон Црна Скала и се спушта кон Пауталија. Тоа е најкусиот патен правец до Пауталија.

***<u>Астибо - Партикопол (Берово)</u>***

Од Астибо до Партикопол постојат два правци :

Првиот (карта 5) е пократок и се движи од Виница преку Осојница до преслапот Обозна, контролиран од утврдувањата кај Градец и Липец. Понатаму поминува покрај крајпатниот кастел кај Будинарци и навлегува во Малешевијата.[33] (

Вториот (карта 6) е подолг и се движи по истиот пат кој води до Строшен мост кај Очипала каде по премостовањето на река Брегалница продолжува кон Делечево а потоа покрај десниот брег на река Брегалница, поминувајки покрај населбите: Градо, Калиште и Селце село Град; Прекинато градиште село Вирче; Градиште село Трaботивиште; и преку населбите стигнува до преслапот кај црквата Свети Петка во село Чифлик од каде навлегува во Малешевијата.

**<u>Патна мрежа со Дарданија</u>**

Брегалничкиот Басен со Дарданија бил поврзуван преку територијата на Овче Поле. Патниот правец со кој Брегалничкиот Басен бил поврзан со Дарданија тргнувал од Астибо. Потоа трасата на патот продолжува кон Овче Поле поминувајки покрај многу силни антички населби: Крсто село Криви Дол, Керамидница село Бурилчево по што стигнува кај можеби најголемата римска населба Сулејманец во атарот на Свети Николе, каде се спојува со патот кој доаѓа од Софилари. Понатаму од

---

[30] Керамидчиев А., 1996, 175.

[31] Керамидчиев А., 1996, 175.

[32] Крстевски Ц., 1996, 87; Грбиҫ М.,1954, 125; Гарашанин М и Д,1959, 69-79; Крстевски Ц., Белдедовски З.,1987, 153-159.

[33] Микулчиќ И., 1993

Сулејманец продолжуваат два пата : едниот преку Свети Николе минувајки уште покрај неколку антички населби стигнува на територијата на Дарданија кај селото Миладиновци во непосредна близина на Скопје, а другиот преку Павлешенци стигнува до Куманово а од таму продолжува кон Пауталија .

Листата на античките патишта со кој Брегалничкиот Басен бил поврзан со Дарданија, Повардарие, Тракија и Пелагонија не е исцрпена. Поради, воени, економски и други причини, секако постоеле и други патишта кој биле помалку познати а побезбедни за патување и трговија.

## РЕЗИМЕ

Патната мрежа е опфатена со поеднинечно обработени патни релации. Меѓу најстарите патни правци со кој Брегалничкиот басен бил поврзан со Повардарието е лакавичкиот пат кој се движел по десниот брег на реката Лакавица и тоа започнува од устието на реката Лакавица во Брегалница кај селото Софилари и оди кон селата Драгоево и Селце, потоа преку Конче и преслапот кај селото Костурино се спушта кон долината на Вардар. Истиот пат продолжува да функционира и во римскиот период, на што укажуваат населбите и тумуларните погребувања покрај него.

Со изградбата на т.н Дијагонален пат од Хераклеја кон Пауталија, Лакавичкиот го губи својот примат и станал пат со секундарно значење поврзувајќи ги Радовишко и Струмичко со овој дел од Македонија. Еден од најфреквентните антички патишта бил Дијагоналниот пат кој во оваа област се дели на два правци и тоа: преку Мушанци - Енешево и преку Мушанци - Џидимирци - Хаџи Сејдели се спуштал кон устието на реката Лакавица во Брегалница и во непосредна близина на Софилари се спојувал со Лакавичкиот пат.

Друг патен правец се движел од Софилари кон Астибо и Пауталија. По јужниот раб на долината на реката Брегалница водел пат од Астибо кон Баргала во должина од 13 км. Од Баргала кон север продолжувал кон Моробиздон во должина од 19 км. Од Моробиздон во должина од 9 км. патот продолжува кон Виница. каде се дели во два правци, кон Пауталија и Партикопол.

Користена литература

· Алексова Б .,Епископијата на Брегалница, Прилеп 1989.

·Белдедовски З., Проблемот на релација и убикација на анти;ките градови Астибо и Транупара, ЗШНМ ВИИ, Штип 1996.

· Гарашанин М. и Д.,1959 Археолошке белешке са рекогносцирања у Источној Македонији, ЗШНМ И, Штип 1959

·Гарашанин М., Санев В., В.Симоска., Д., Китановски, Предисториски култури во Македонија, каталог, Штип 1971.

· Грби¢ М.,Археолошки наоѓалишта во Македонија, ГМКД 1-9, Скопје 1954.

· Керамитчиев А.,Археолошка карта на Р.Македонија Т. ИИ, Скопје 1966.

· Крстевски Ц., Археолошка карта том 2 на Р.Македонија, Скопје 1996.

· Крстевски Ц., Белдедовски З., Рекогносцирање и наоди околу Виница, МАА. Бр. 8 Скопје 1987.

·Лилчиќ В., Античка патна мрежа, Археолошка карта на Р.Македонија Т. И, Скопје.

·Микулчиќ И., 1999 Антички градови во Македонија кн. 8, Скопје 1999.

· Санев В-Белдедовски З.,Археолошка карта том 2 на Р.Македонија, Скопје 1996.

· Санев В.,Археолошка карта том 2 на Р.Македонија, Скопје 1996.

· Санев В., Извештај од археолошките рекогносцирања во Источна Македонија, Македонија, ЗШНМ ИИ, Штип 1961.

· Траковски К., Археолошка карта том 2 на Р.Македонија, Скопје 1996.

· Керамитчиев А.,Археолошки наоѓалишта во Кочанско, Стремеж В, прилеп 1964.

Карти:

/

Карта 1




Карта 2


ЛАКАВИЧКИ ПАТ
ДОЦНОАНТИЧКО ВРЕМЕ
SKOPJE
Štip
Kočani
Radoviš
Strumica
Veles
Prilep
Kavadarci
Negotino
Sveti Nikole
Gevgelija
Berovo
Delčevo

Карта 3